СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-4139/25
11.08.2020 година
К а в а д а р ц и

# З А П И С Н И К

Ја отварам 44 седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес, која поради состојбата со Корона вирусот ке се одржи преку интернет-конференциска врска.

Седницата се организира согласно Одлуката на Влада на Репубника Северна Македонија која донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за Локална самоуправа за време на вонредна состојба, согласно која Претседателот на Советот може да свика и раководи со Седницата и со употреба на комуникациски средства односно интернет конференциска врска.

Согласно цитираната Уредба, гласањето на Советот со употреба на комуникациски средства односно интернет конференциска врска , се одвива по пат на поименично произнесување на секој член на Советот кој е најавен на Седницата .

За таа цел Ве молам поименично да констатирам колку советници се најавени за денешната седница.Од евидентниот лист го повикувам секој советник да се изјасни.

1. Мирјана Гркова –да
2. Горица Пеливанова Вилхелм – да
3. Виолета Димитрова - да
4. Василка Дрварова - да
5. Весна Ѓорѓиева -да
6. Развогор Кабранов - да
7. Митко Камчев - присутен
8. Анита Гинова -Каракутова - да
9. Душица Крстиќ - да
10. Божанка Минова - да
11. Тони Нешковски - да
12. Драганчо Николов - да
13. Петар Николов - да
14. Ташо Радњански – да
15. Ристо Сакалиев - да
16. Јосиф Стојанов да
17. Блаже Тасев - да
18. Никола Трендафилов да
19. Лазар Туриманцов - да

Констатирам дека кворум за работа има 19 најавени и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 43-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 29.07.2020 година.

Дали има забелешки по Записникот од 43-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 43-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Констатирам дека е усвоен Записникот од 43-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес:

1. Предлог- Решение за престанок на мандат на член на Советот на Општина Кавадарци;
2. Предлог-Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Кавадарци;
3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година;

Поради поврзаност со претходната точка предлагам измена на Дневниот ред, а Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

4.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2020 година;
5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2020 година;
6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата во областа на здравствената заштита за 2020 година;

ДАЛИ СЕ СОГЛАСУВАТЕ ВАКА ПРЕДЛОЖЕНАТА ИЗМЕНА НА ДНЕВНИОТ РЕД, ИМА ЛИ ПРОТИВ, констатирам дека Дневниот ред е надополнет со точките

4.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2020 година;
5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2020 година;
6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата во областа на здравствената заштита за 2020 година;
7.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци - Втор Квартал за 2020 година;

Поради поврзаност со претходната точка предлагам измена на Дневниот ред, а Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„ во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„

ДАЛИ СЕ СОГЛАСУВАТЕ ВАКА ПРЕДЛОЖЕНАТА ИЗМЕНА НА ДНЕВНИОТ РЕД, ИМА ЛИ ПРОТИВ, констатирам дека Дневниот ред е надополнет со точка. Доколку нема против констатирам дека се согласувате.

8. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„ во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„

9. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра изразени како реконструкција на фонтана (Кожувчанка);

Поради поврзаност со претходната точка предлагам измена на Дневниот ред, а Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

10. Предлог-Одлука за примање донација – финансиски средства за реконструкција и модернизација на постоечко осветлување во Градски Парк "Љупчо Шкартов" Кавадарци од Друштво за производство трговија и услуги "МАРКЕТ ДИЈАНА ДД" експорт-импорт ДООЕЛ Неготино;

11.Предлог-Одлука за примање донација - Светилки за улично осветлување во Општина Кавадарци од Друштво за трговија, производство и услуги "ЕЛМОНД ЕЛЕКТРИК" ДОО експорт-импорт Скопје;

12. Предлог-Одлука за примање донација - реконструкција и модернизација на постоечко осветлување во Градски Парк "Љупчо Шкартов" Кавадарци од Друштво за производство трговија и услуги "КОДЕКС КОМПЈУТЕРИ" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

13. Предлог-Одлука за примање донација - Рефлектори за осветлување во Градски Парк "Љупчо Шкартов" Кавадарци од Друштво за трговија и производство "ПИНУС" ДОО експорт-импорт Кавадарци;

ДАЛИ СЕ СОГЛАСУВАТЕ ВАКА ПРЕДЛОЖЕНАТА ИЗМЕНА НА ДНЕВНИОТ РЕД, ИМА ЛИ ПРОТИВ,Доколку нема против констатирам дека Дневниот ред е надополнет со точките

10. Предлог-Одлука за примање донација – финансиски средства за реконструкција и модернизација на постоечко осветлување во Градски Парк "Љупчо Шкартов" Кавадарци од Друштво за производство трговија и услуги "МАРКЕТ ДИЈАНА ДД" експорт-импорт ДООЕЛ Неготино;

11. Предлог-Одлука за примање донација - Светилки за улично осветлување во Општина Кавадарци од Друштво за трговија, производство и услуги "ЕЛМОНД ЕЛЕКТРИК" ДОО експорт-импорт Скопје;

12. Предлог-Одлука за примање донација - реконструкција и модернизација на постоечко осветлување во Градски Парк "Љупчо Шкартов" Кавадарци од Друштво за производство трговија и услуги "КОДЕКС КОМПЈУТЕРИ" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

13. Предлог-Одлука за примање донација - Рефлектори за осветлување во Градски Парк "Љупчо Шкартов" Кавадарци од Друштво за трговија и производство "ПИНУС" ДОО експорт-импорт Кавадарци;

14. .Годишна Програма со арх.бр.02-374/1 од 14.07.2020 година за работа на ООУ,,Тоде Хаџи Тефов,, Кавадарци за учебната 2020/2021 година, донеена од Училишен Одбор на ООУ,,Тоде Хаџи Тефов,, Кавадарци;

15.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за финансии и буџет;

16.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за урбанизам;

17.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за спорт;

18.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за земјоделие;

19.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за јавна безбедност и безбедност во сообраќајот;

20.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за рурални средини;

21.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за надзор над материјално – финансиското работење на Општината;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

- Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка.
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 22

22. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа : - Предлог-Одлука за утврдување на изгледот на фасади на објекти во централното градско подрачје

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 23
23. Предлог-Одлука за утврдување на изгледот на фасади на објекти во централното градско подрачје
Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :
Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година ;

Ве молам за изјаснување, дали предложениот Дневен ред да се дополни со предложената точка.
Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка со реден број 24,
24.Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година ;

Дали има други предлози за изменување и дополнување на денешниот дневен ред.Доколку нема целиот дневен ред го ставам на гласање.Дали има против и воздржани . Доколку нема констатирам дека е усвоен дневниот ред.
Преминуваме кон разгледување на дневниот ред.

Одиме редоследно со точките од дневен ред.
1.Предлог- Решение за престанок на мандат на член на Советот на Општина Кавадарци;
Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

2.Предлог-Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Кавадарци;
Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

Новиот член на совет Весна Ѓорѓиева треба да положи свечена изјава.Јас читам а колешката ја молиме да повторува

**ВЕСНА ЃОРЃИЕВА:** Јас Весна Ѓорѓиева свеќено изјавувам дека правата и должностите на член на совет ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ке го почитувам Уставот, Законот, Статутот и одлуките на Совет и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Северна Македонија.
Честитки од сите советници до новата советничка.

3.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година, заедно со Амандманот.

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

4.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2020 година;
Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

5. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2020 година;
Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

6. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата во областа на здравствената заштита за 2020 година;
Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против.

**ТОНИ НЕШКОВСКИ:** Почитуван Градоначалник, претсдеател, колеги советници, само барам образложение од страна на Градоначалникот во врска со ваа точка да не мислат граѓаните дека кратиме од буџетот за здравствена заштита, во оваа криза.

**ГРАДОНАЧАЛНИК:** Почитуван, Градоначалник, советници, добро е да се образложе оваа точка, со оглед на ситуацијата што ја имаме со Ковид 19 и очекувањата кои што не се баш позитивни, во координација со Министерство за здравство и нашата Регионална болница , со директорот, договоривме овие средства кои што ги имавме да ги ребалансираме и да ги вратиме во буџетот, со една единствена цел, поради тоа што, секоја година како совет и какао општина ја подржуваме здравствената заштита, но овие средства беа наменети за општите работи на самата болница , со одлука на управниот одбор подоцна тие да ги наменат таму аде што им е најпотребно. Но поради тоа што кај нас е предвидено, со план на Министерство за здравство, да се догради уште еден објект, до нашата болница, бидејки и сами знаете дека немаме посебно инфективно одделение а тоа би било во иднина инфективно одделение, Општина Кавадарци начелно даде првична согласност дека при градењето на новиот објект кој што ке биде од монтажен но од траен карактер,

Општина Кавадарци ќе земе, удел финансиски во делот на целокупната мрежа, водовод, канализација и градење на плато за самата монтажна болница за инфективно одделение а министерството за здравство ќе го превземе другиот дел за монтажа на тој објект и за опремување на самото одделение со 50-60 кревети. Тоа значи дека овие пари кои што ки ребалансираме од 1 400 000 ќе бидат многу повеќе но кога ќе ја донесе Министерството одлуката да го гради овој објект ке направиме ако треба и вонредна седница на совет ако треба и нов ребаланс и нашата инвестиција ке биде околу 4-5 000 000 денари. Точна пресметка нема, а со предмер пресметка кога ке дојде денот Општината ке вложи троструко од ова што сега го намалуваме во делот на здравствената заштита.Ние нема да се оградиме од здравствената заштита поготово во вакви моменти кога сме најнеопходни на населнието, сакам тука исто да потенцирам и да кажам дека Општината со оглед на сите ситуации кои што беа настанати со Ковид 19, полициските часеви, ограничувањето на работењето на сите институции, благодарение на доброто менаџирање на целата општина , на сите јавни инстутуции , интензивно работевме сите, и сме во добра кондиција, не сме финансиски загрозени, нормалчно приходите ни се намалени, но сега сме во преговори со две компании, едната компанија ке ја именувам а тоа е досегашниот монопол а сега е сопственост на ИГМ Кавадараци, таму веке ГУП и ДУП е во фаза на менување, таму е колективно домување и еве до сите да кажам дека ке се почне со рушење на монополот а тоа е површина од околу 24 000 м2 и оваа компанија има план тука да изгради колективно станбено домување. Така да по основ на комуналии и уредување на градежно земјиште расположливи се како компанија ИГМ Трејд , да ги уплатат авансно сите комуналии а станува збор за прилично добра сума од околу 30 -40 000 000 денари.Така да да сме здрави и живи наредната недела сопственикот ке го дефинира целиот дел нормално според урбанистичките планови, за да можеме тие средства да ги намeнеме за комуналната изградба во градот, и нормално тоа земјиште е напуштено долго време, е небезбедно и треба да стане урбана средина за колективно домување , така да очекуваме добри средства и исто при крај е урбанистичкиот план кај новиот суд, а тој кога ќе биде изготвен конечно ке се најде правата функција и намената на напуштените објекти повеке од 30 години а тоа е Младински, дом, пионерски дом и Новиот суд, котларата и нормално треба да донесеме одлуки за намената на тие објекти. Така да Општината има динамичен план. Исто така заклучно со 30.06.2020 нашите основнио приходи на општината се 85% запазени во однос на претходната година и покрај КОВИД 19.Така да ланската година сме завршиле со основни приходи од 330 000 000 денари, оваа година очекуваме тие да не паднат под 300 000 000 , што е 90% исполнување на обврските, и сега со ова ребалансирање ние комплетно ке имаме завршена инфраструктура.И покрај она што ке инвестираме во здравствената заштита ке инвестираме и во образованието и тоа училиштето во Марена, Бегниште, Дреново, ќе добијат за оваа година нов систем за греење. До сега тие училишта се грееја на шпорива во самоите училници. Средното училиште гимназија добива исто така средства за реконструкција за санитарните чворови и ке добијат нови санитарни чворови комплетно автоматски да нема допири со раце, да биде се со сензори и педали. Би кажал и дка со оглед на тоа дека се ребалсирани средствата за тиквешки гроздобер, нема да има настан со голем обем , тие средства се ставени во другите програми, 7ми септември ке го обележиме сако дел протокуларно , со симболично откинување на грозд и свечено отварање на винскиот Музеј и тоа е прв пат во нашата држава. Се што беше коктели, огномети комплетно е отстрането. Од октомврри месец ке се почне и со изградба на Зелен пазар.И мислам дека од утре треба да се почне со новата тробина на Градскиот стадион а тоа е донација од Фудбалската федерација.

По формирањето на Владата треба интензивно да почнеме со преговори за цената и откупот на грозјето а во овој момент додека нема влада немаме од другата страна сериозен преговарач бидејки владата е во неизвесност.Компанијата Дрекслермајер е на сериозно размислување за дополнителни 2000 вработувања со нов погон. И ке се трудиме максимални за тој погон да остане во општина Кавадарци. И сами знаете дека во општината невработеноста се зголеми, многу сегменти се погодени од оваа криза.

Доколку нема други за дискусија, Точката ја ставамна гласање, Дали има воздржани или против. Доколку нема, констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

7.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци - Втор Квартал за 2020 година;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

8. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект,, Градски Пазар со подземен паркинг,, во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 ,, Зелен Пазар,, -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура,,

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

9. Предлог-Одлука за примање донација – материјални добра изразени како реконструкција на фонтана (Кожувчанка);

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

10. Предлог-Одлука за примање донација – финансиски средства за реконструкција и модернизација на постоечко осветлување во Градски Парк “Љупчо Шкартов” Кавадарци од Друштво за производство трговија и услуги “МАРКЕТ ДИЈАНА ДД” експорт-импорт ДООЕЛ Неготино;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

11. Предлог-Одлука за примање донација - Светилки за улично осветлување во Општина Кавадарци од Друштво за трговија, производство и услуги “ЕЛМОНД ЕЛЕКТРИК” ДОО експорт-импорт Скопје;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

12. Предлог-Одлука за примање донација - реконструкција и модернизација на постоечко осветлување во Градски Парк “Љупчо Шкартов” Кавадарци од Друштво за производство трговија и услуги “КОДЕКС КОМПЈУТЕРИ” ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

13. Предлог-Одлука за примање донација - Рефлектори за осветлување во Градски Парк "Љупчо Шкартов" Кавадарци од Друштво за трговија и производство "ПИНУС" ДОО експорт-импорт Кавадарци;

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

14. .Годишна Програма со арх.бр.02-374/1 од 14.07.2020 година за работа на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци за учебната 2020/2021 година, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

15.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за финансии и буџет;

Отварам расправа, доколку. Колеги му давам збор на Виолета Димитрова Претседател на мандатна комисија да ги прочита измените по сите комисии од еднаш . Повелете советничке..... има проблем си интеренер врската. Секаден на сите комисии на местото на Зоран Јованчев се именува Весна Ѓорѓиева, освен во комисија за спорт каде што на местото на Зоран Јованчев е колегата Тони Нешковски.

Колеги едногласно ги усвојуваме сите овие 7 точки.;

22. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;
Отварам расправа,
**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ**, до Градоначалникот прашање, дали до 7ми Септември до Гроздоберот ќе биде во функција Пешачката патека до Моклиште и дали си задоволен до сега од текот на изградбата на пешачката патека до Моклиште. Знам дека е надвор од темата но ова е за да го искористам моментот и да слушнат граѓаните.гледат граѓаните некои се задоволни, некои се незадоволни и затоа го поставувам прашањето.Благодарам.

**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Благодарам за прашањето, велосипедската патека која што ја градиме, е еден многу сериозен и капитален и спортски објект, и за комерцијални и за спортскорекреативни цели. Таа патрека е со должина од околу 4500м, ширината е 4м плус по пола метар од страна има.Во почетокот на самата изградба имавме задача да решеме 48 индивидуални сопственици на земјиште во делот на експропријација или дозволување на градење на самата патека односно инфраструктурскиот проект требаше да го изменаџираме и да му одземеме од својата сопственост за да се изграде патеката.Самата градба на патеката имаше и непредвидени работи кои што ги изменаџиравме со поголемите компании и со чистење на речното корито.Речното корито е исчистено и ако не е наша задача туку на Водостопанство , но водостопанство го нема чепнато последните 30-40 години.Успеавме со средства од донација од 3 компании да целокупно го регулираме коритото, ако не го изрегулиравме ке имаше проблем на патеката со излевање на коритото.

Во моментот во делот на стабилизирање на земјиптетео од страна на надзорот има информации сдека стабилизирањето на коритото е во рамки на законските прописи. Пред 2-3 недели е отпочнато со монтажа на бехатон коцки на самата патека а претходно тампонирањето и целокупнатра подземна инсталација, електрика и сл е завршена. Предвидени се 4 мостови кои што треба да се изградат, и немаме забелешки во делот на квалитетот на изградбата. Во делот на испитување на коцки сеуште немаме прием направено.Можам да кажам дека сите канделабри се веке добиени и се во магацисnките простори на компаниите. Исто така елементите за шесте предвидени места за одмор на самата патека , и тоа локација за велосипедска зона, летниковец зона и клупи, канти се е набавено и сукцесивно ке се става. Сега гледам само трасирана патека и почеток на редење на коцки. Ако има забелешки нека се поднесат кај нас писмено па може и усмено за да се реагира. Рокот за завршување е до 30 декември а јас очекувам до 7ми септември 80% да биде завршена но до крај на октомври да биде ставена во функција комплетно.Рокот не е пробиен согласно договорот.Ги водевивме во работа февриуари-март а рокот не е пробиен и ке бидат пред рокот. Кога ке се пуште патеката ке се направе комплетна ревизија и ке се виде по техничкиот прием и во самото работење константно се прават испитувања. Та патека треба да биде вечна и осветлена за 24 часовна употреба. Сега се работе и кејот од Брушански мост до Ваташа, тоа ке биде една целина за комплетна рекреација.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ** : Бидејки имаме нов советник да знае дека комплетното финансирање на пешачката патека од Ваташа до Моклиште е со средства обезбедени од Валадата на Република Северна Македонија.

**ГРАДОНАЧАЛНИК** : Тука би појаснил , дека парите се обезбедени во два наврата. Општина Кавадарци има удел во делот на финансирањето на ДДВ а тоа е околу 5 000 000 денари, заради тоа што целокупниот проект е над 33 000 000 денари. На два повика се јавивме, едниот беше преку регионалниот центар ва ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН и по мерка 3.2.3 за развој на туризам и втората мерка беше по Агенција за рурален развој исто така за развој на туризам. И двете мерки ни се прифатија. Целокупниот проект е исцрпен за таму и Општината има само 5 000 000 денари но Општината има и комплетна експопријација на земјиштетео. А тоа е земјиште од скоро 22 000 метри кое што треба да го платиме на самите сопственици. Мислам дека цената која што ја плаќаме таму е околу 5евра по м2.И Општината ги изработи целокупните проекти за изградбата на патеката. Како Општина заслужуваме , и треба да бараме финансиски средства, јас не навлегувам какао било во минатото но јас сум поборник и ке си го барам делот на Општина Кавадарци.Благодарам.

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Благодарам Градоначалник, Мое видување беше дека граѓаните долго време го очекуваа овој проект и благодарани сме и на локалната и на централната власт и понатаму треба да бараме од двете страни.

**ЈОСИФ СТОЈАНОВ:** До градоначалникот, деновиве имаше доста невреме, и беа оштетени повеке полски патишта, граѓаните бараат помош да с есредат за да можат за време на бербата да бидат функционални. Сега се направени корита и неможе да се помине.

**ГРАДОНАЧАЛНИК:** Ние во континуитет преку ЈП Комуналец и Програмата за санирање на полски и земјоделски патишта работиме на таа проблематика. Новото теге кое што е купено не е застанато од Март навака, постојано е на терен и сите овие дополнителни проблеми, би повикал еве со еден апел до сите претседатели на тие месни и урбани заедници да прават дополнителни барања до општината па ние да го задуживме јавното претпријатие да ги исконтролира сите тие патишта.Инаку во делот на програмната која што ја имавме нас ни е 90% исполнета и ако има потреба ке се измени и дополни со финансиски средства. Апелот е до сите да достават барање до Општина Кавадарци , спремни сме да помогнеме нека го достават во писмена форма за да можеме да делуваме таму каде што треба а не да исполнуваме индивидуални желби.

**РИСТО САКАЛИЕВ :** Колеги вчера бев во Фени индустри и тие сами се понудија да помогнат со тампон, да биде донација од нивната фирма и тоа во неограничени количини, и можат да би помогнат во утоварот и превозот, а се понудија и да ни платат на општината предвреме, соработката со Фени е на добро ниво. Исто така сакам на Фени односно на Еуро никел за состанокот од вчера и се понудија за продлабочување на соработката.
Колеги одиме со гласање на оваа точка..Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

23. Предлог-Одлука за утврдување на изгледот на фасади на објекти во централното градско подрачје..

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

24.Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година.

Отварам расправа, доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Дали има воздржани или против. Доколку нема констатирам дека е усвона точката од дневен ред до 19 гласа ЗА.

Колеги советници со ова е исцрпен дневниот ред.Се надевам дека ова ке ни биде последна он лине седница и за следната се гледаме во Салата на домот на културата.
**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Почитувани советници, ви благодарам и за денешната он лине седница. Јавниот повик за 7мо септемвриската награда е пуштен и во него се определени условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите,се е објаснето нема никакви промени. Нормално комисијата ги арзгледува тие апликации . На крај сакам да повикам за уште еден апел, и ке се трудиме до крај со сите институции да го заштитиме и да ги запазиме граѓаните од ширењето на овој вирус, но сега сме жариште каде што од еднаш се јавија многу позитивни. Паника помеѓу населението има, според моите информации од здравствени институции сите лице кои што до сега се заболени се добри , а има 108 активни случаеви, претежно се сите лесна клиничка слика и се во домашно лекување, но има и во Велес и во Скопје хоспитализирани. Дај биже никогаш да не го осетиме, единствен начин да го спречиме е социјалната дистанца, носењето на маски и почитување на мерките за заштита.Ние како општина и какао кризен штаб неколку пати размислувавме и во текот на денешниот ден за предлагање на дополнителни мерки, но сето тоа е узалуд доколку не го почитуваме ова наше досегашно залагање во делот на мерките на Ковид 19.Исто така би препорачал на луѓето кои што имаат решение за самоизолација без разлика дали се позитивни или чекаат резултати или се изолирани во делот на кластер да максимално си ги почитуваат законските регулативи, бидејки последиците се големи, кривични постапки , високи казни и сл.Апел до младите , дружбата која што ја имат да не с еограничува, но да се почитуваат мерките од КОВИД.Еве би повикал Комисијата за здравствена заштита заедно со претседателот да направите дополнителна платформа и едукација на локално ниво за помладото и вкупното население, во делот на практика со Ковид 19.

На тој начин дополнително ке се дигне свеста а доколку за таа ваша активност треба буџет ние би овозможиле и од Бизнис секторот ако треба и од општинскиот буџет, се со единствена цел заради тоа што ни претстои време на берба на грозје, почеток на учебна година, и да се одлуче дали да се отворат и детските градинки, сезонски грипови и одиме кон есен.Мораме месец август да го прекинеме ова драстично ширење на овој вирус.Благодарам

**ДУШИЦА КРСТИЌ:** Претсдетаеле, до Градоначалникот прашање за детските градинки. И ние имаме најави, наводно, може за да почнат и детските градинки но со оглед на сегашната ситуација, што мислите вие дали ке се почне од Септември со работа, дали ке биде во ред да кажат луѓе кои што се долќни да го кажат, и од комисијата за заразни болести и дали ке имаме време да им го пренесеме на родителите бидејки се исплаѓени од ситуацијата.

**ГРАДОНАЧАЛНИК:** Јас минатата недела гледав на вести на некоја општина мислам Штип дека се спрема за отварање на детските градинки, напротив ние сме спремни и капацитативно можеме да делуваме веднаш со отварање на градинките но затаа работа е надлежно Министерството за здравство преку Комисијата за заразни болести. Тоа значи дека првен треба да добиеме дозвола за работа а подоцна и протокол за функционирање, доволно имаме кадар имаме 52 лица вработени преку Агенција за привремени вработувања и околу 150 редовно вработени.Доволно е тоа кадровсни и сместувачки капацитети, имавме сместено 1400 деца за овие 2 години отворивме плус занимални и клонови , така да капацитет општината има. И да се донесат поригорозни мерки, за двосменско или друго ограничување, ние сме спремни и сме во постојана комуникација со нашата директорка. Апел со сите  родители е дека загруженоста е оправдана, има луѓе кои што работата и имаат проблем не одат на работа бидејки нема кој да им ги чува децата во градинка а од друга страна иммеме јавна институција со 200 вработени, се граде и нова градинка и сите работи мора да ги согледаме. Направивме јавна анкета кај родителите, некаден околу 300 родители има заинтересирано , но ова анкета е од подамна, тестот на вработени е направе, спремни сме ние и очекуваме да се отпочне. Доколку не се почне со настава со физичко присуство , тоа ке биде загуба, а и за вработените кои што имаат деца е лошо бидејки се спречени да идат на работа , и јас имам првооделенче, радоста и драшта кај децата се губи со самото тоа што наставата е на друг начин, нема седнување на клупа и слично. Мислам дека комисијата за заразни болести и министерството ке најдат соодветен начин за безбедно одвивање на наставата а и наставата да биде физичка со протоколи, скратена и слично. Ако биде он лине менталното здравје на децата ке биде нарушено и сами знаеме дека многу дечиња веќе се исплашени да излегуваат од дома. Мора да имаме храброст да излегуваме од дома , но со протоколи , мерки и начини на заштита.

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Колеги со ова ја затварам 44та седница на совет.

Изготвил : Стефанија Стоева

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Сакалиев**